02-1691/5
14.12.23

ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ
ул. Скупи-20 бр.56, тел. ++389(0)2 30 95 607, тел/факс ++389(0)2 30 95 601
IPSH SPITALI PSIKIATRIK „SHKUP" - SHKUP
rr. Skupi-20 nr.56, tel.++389(0)2 30 95 607, tel/faks ++389(0)2 30 95 601
www.pbskopje.org.mk pbskopje@pbskopje.org.mk

Врз основа на член 148 и 149 од Законот за здравствена заштита согласно Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026) (Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 163/2023) и Одлуката донесена на Управен одбор број 02-1691 од 14.12.2023 година ЈЗУ Психијатриска болница,,Скопје,, - Скопје објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

***За доделување на една (2) специјализации по медицинска психологија***

1. Се објавува Интерен Оглас за доделување на две (2) специјализации по медицинска психологија
2. На огласот можат да се пријават сите кандидати кои ги исполнуваат условите согласно Законот за здравствена заштита
3. Специјализациите ќе се доделуваат согласно критериумите утврдени во член 149 став 4 од Законот за здравствена заштита и тоа:

Критериумите за избор на кандидати за специјализација се следните:

- 50% од бодовите за просечен успех на кандидатот постигнат во Високо образование
- 40% од бодовите за должината на работен стаж
- 10% успех по предметот од областа која се доделува специјализацијата

Стажот ке биде пресметан на следниот начин :

| Група | Раб.стаж во години | Бодови |
|---|---|---|
| I | до 4 | 8 |
| II | 4-8 | 16 |
| III | 8-12 | 24 |
| IV | 12-16 | 32 |
| V | 16 и > | 40 |

4. Болницата ги сноси сите трошоци во врска со специјализацијата а со вработените кои се упатуваат на специјализација ќе склучи посебен договор во кој ќе се утврдат обврските со вработените упатени на специјализација

5. Огласот трае 5 (пет) дена од денот на објвувањето, а ќе биде објавен на веб страната и огласната табла на болницата.

6. Комисијата ќе изготви ранг листа од пријавените кандидати во рок од 3 (три) дена и ќе ја достави до Управниот одбор на болницата а конечна Одлука донесува Управниот одбор на својата седница

7. Кандидатите кои ќе добијат специјализација до Деканот на Медицински факултет најдоцна до 04.01.2024 година треба да ги доставaт документите наведени на Веб страницата на Медицинскиот факултет.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА ЗА УПАТУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**
Д-р.Јагода Пејоска